Правилник за видови подобрувачи на својствата на почвата, постапката и документите за класификација на нов подобрувач на својствата на почвата на одреден вид, означување, идентификација, содржината на макроелементите, секундарните макро и микроелементи, минимални и максимални количества на хранливи елементи и примеси(*)

Службен В. на Р.М. бр: 6/2011 од 17.01.2011

Влегува во сила на: 18.01.2011

Извор: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за ѓубриња ("Службен весник на Република Македонија" бр.110/07 и 20/09), министерот за земјоделство, шумарство и водоствопанство, донесе.

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОВИ ПОДОБРУВАЧИ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА, ПОСТАПКАТА И ДОКУМЕНТИТЕ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА НОВ ПОДОБРУВАЧ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА НА ОДРЕДЕН ВИД, ОЗНАЧУВАЊЕ, ИДЕНТИФИКАЦИЈА, СОДРЖИНАТА НА МАКРОЕЛЕМЕНТИТЕ, СЕКУНДАРНИТЕ МАКРО И МИКРОЕЛЕМЕНТИ, МИНИМАЛНИ И МАКСИМАЛНИ КОЛИЧЕСТВА НА ХРАНЛИВИ ЕЛЕМЕНТИ И ПРИМЕСИ ()

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видовите на подобрувачи на својствата на почвата, постапката и документите за класификација на подобрувачи на својствата во одреден вид, означување и идентификација,содржината на макроелементи, секундарните макроелементи и микроелементи, минимални и максимални количества на хранливи елементи и примеси.

## Член 2

Подобрувачи на својства на почвата се неоргански или органски материи од природно или синтетичко потекло, имаат ниска содржина на макро елементи и секундарно макро елементи и микро елементи.

## Член 3

(1) Видови на подобрувачи на својствата на почвата се:

1. Минерални подобрувачи и

2. Органски подобрувачи

(2) Минерални подобрувачи на својства на почва се соединенија кои се добиваат преку преработка на природни материи и по хемиски пат.

(3) Органски подобрувачи на својства на почва се соединенија кои се добиваат со екстракција на растителен материјал.

## Член 4

(1) За класификација на нов подобрувач на својствата на почвата, се поднесува барање до Фитосанитарна управа во кое се наведува особено податоците за:

1. Заштитното име на подобрувачот;

2. Видот на новиот подобрувач;

3. Производителот на нов подобрувач;

4. Името на правното лице кој врши увоз на новиот подобрувач;

5. Стабилност на подобрувачот (начин на пакување и складирање заради задржување на квалитетот).
(2) Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува следната документација: () Со овој правилник се врши усогласување со 98 Регулатива (ЕС) 2003/2003 на европскиот парламент и совет од 13 октомври 2003 година која се однесува на ѓубрива, CELEX бр. 32003R2003
- извештај од овластена лабораторија,
- декларација на подобрувачот и
- упатство за употреба издадено од производител.

## Член 5

Означувањето на новиот подобрувач на почвата содржи:
1. Ознака за нов подобрувач;
2. Трајност (за задржување на трајност, подобрувачот се чува на температура до 40С);
3. Токсичност (влијание врз здравје на човекот, животните и пчелите);
4. Каренца;
5. Работна каренца;
6. Толеранција и
7. Амбалажирање (вид на амбалажа).

## Член 6

Идентификацијата на новиот подобрувач на почвата се врши со:
1. Идентификациското име на новиот подобрувач;
2. Составот на новиот подобрувач;
3. Бројните вредности од аналитички методи и
4. Утврдувањето на ефикасноста.

## Член 7

Минералните и органските подобрувачи на својствата на почвата се карактеризираат со ниска содржина на примарни хранливи елементи, со минимални 0,5% до максимални 3 % примарни хранливи елементи и примеси.

## Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".
Бр. 17-260/5 Министер за земјоделство, декември 2010 година шумарство и водостопанство, Скопје Љупчо Димовски, с.р.